Бр.08-366

Скопје 15.10.2020 г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-366 од 30.09.2020 година на м-р Драгица Љубевска, овластено лице од страна на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги д-р Зоран Трајчевски, по Овластување арх.бр.03-2411/1 од 01.06.2020 година и Предлогот Уп1 бр.08-366 од 13.10.2020 година, а согласно Заклучокот, арх.бр.02-3790/2 од 15.10.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 37-та седница одржана на 14.10.2020 година, донесе:

# РЕШЕНИЕ
## за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид бр.08-54 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-366 од 30.09.2020 година.

## Образложение

Советот на Агенцијата на 35-та седница одржана на 05.10.2020 година, со Заклучок, арх.бр.02-3590/4 од 05.10.2020 година, го усвои Предлогот Уп1 бр.08-366 од 30.09.2020 година на м-р Драгица Љубевска, овластено лице од страна на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, д-р Зоран Трајчевски и покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид бр.08-54 од 05.01.2015 година, поради тоа што по извршениот административен надзор (вонреден, по службена должност), во Извештајот арх.бр.03-3561/1 од 28.09.2020 година, беше констатирано дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20),

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

односно престанал со емитување на програмски сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини. Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на 06.10.2020 година до погоренаведениот радиодифузер беше испратено Известување Уп1 бр.08-366 од 06.10.2020 година, со кое му беше укажано дека доколку веднаш не го усогласи работењето и отпочне со емитување телевизиска програма, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот на овластеното лице од страна на Директорот на Агенцијата, Уп1 бр.08-366 од 30.09.2020 година, ќе донесе Одлука за одземање на неговата дозвола за телевизиско емитување.

На 13.10.2020 година, до членовите на Советот на Агенцијата и до Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски од страна на Секторот за информатичка поддршка и општи работи доставена е Службена белешка наш арх.бр.03-3298/4 од 13.10.2020 година дека Секторот за информатичка поддршка и општи работи на 13.10.2020 година извршил контролна проверка во системот за снимање и мониторирање на телевизиски и радио сервиси во однос на емитувањето на сигналот на Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид, при што констатирал дека наведениот радиодифузер не емитувал телевизиски програмски сервис, односно не го усогласил своето работење согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Истиот ден (13.10.2020 година), Јован Трпески од Охрид - управител и единствен основач/сопственик на радиодифузерот - Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид, до Агенцијата достави Изјава арх.бр.08-3616/3 од 13.10.2020 година дека ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид започнувајќи од 22.08.2020 година, од 00:00 часот престанало со емитување телевизиска програма. Изјавата ја дава како имател на дозвола (Уп1 бр.08-54 од 05.01.2015 година) со цел да послужи во постапката за престанок на важноста на дозволата по сила на закон, за телевизиско емитување на ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, на локално ниво, за подрачјето на Општина Охрид и Општина Дебрца.

Согласно член 54 став 4 од Законот за општата управна постапка кога постапката е поведена по службена должност, јавниот орган може да ја запре постапката. Ако постапката во истата работа можела да биде поведена и по барање од странката, постапката ќе продолжи ако странката го бара тоа.

Оттука, Секторот за информатичка поддршка и општи работи на 13.10.2020 година до Директорот на Агенцијата достави Предлог за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување наш арх.бр.08-366 од 13.10.2020 година дека Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид со писмена изјава ја известило Агенцијата дека престанало со емитување на телевизиска програма.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги дозволата за телевизиско емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитување на телевизиска програма. За престанок на важност на дозволата за телевизиско емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да му важи согласно со ставот 1 на овој член (член 85 став 2).

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[2] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-366 од 30.09.2020 година на м-р Драгица Љубевска, овластено лице од страна на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги д-р Зоран Трајчевски, по Овластување арх.бр.03-2411/1 од 01.06.2020 година и Предлогот Уп1 бр.08-366 од 13.10.2020 година, а согласно Заклучокот, арх.бр.02-3790/2 од 15.10.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 37-та седница одржана на 14.10.2020 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Прилог (1):

1. Изјава од Јован Трпески од Охрид - управител и единствен основач/сопственик на радиодифузерот - Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид бр.08-3616/3 од 13.10.2020 година.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за финансии и логистика; и
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1.

[2] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

13.10.2020
03 3564/1

Јас, Јован Трпески, со [redacted] и адреса на живеење на [redacted] во својство на управител и единствен основач/сопственик на радиодифузерот – Трговско радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид со седиште на ул. Градски Пазар бр. 20 Охрид, со ЕМБС 5449537 и ЕДБ 4020000125011, под полна кривична, морална и материјална одговорност изјавувам дека **Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид, започнувајќи од 22.08.2020 година, од 00:00 часот, престанува со емитување телевизиска програма.**

Изјавата ја давам како имател на дозвола (Уп1 бр. 08-54 од 05.01.2015 година) со цел да послужи во постапката за престанок на важноста на дозволата по сила на закон, за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид, преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, на локално ниво, на подрачјето на општина Охрид и општина Дебрца. Истата да се приложи пред Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

02.10.2020 година,

Охрид

Изјавил:

/Јован Трпески,управител/

Трговско радиодифузно друштво ТВ МОРИС Јован Трпески д.о.о.е.л. Охрид

Ние, НОТАР Момана Иваноска
за подрачјето на Основен суд во Охрид

Потврдувам дека
Јован [illegible] [redacted]
[illegible] лично пред мене го потпиша писменото.

Идентитетот на учесникот го утврдив според лична карта бр. [redacted]

Потписот - ракознакот на писменото е ставен.

Согласно чл. 86 став (4) од Законот за нотаријатот учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 2 од Законот за судски такси во износ од 50.00 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 100.00 денари.

Број УЗП 1579/2020
Во Ohrid 05-10-2020

Нотар
Момана Иваноска